**20242354116**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 ноември 2024 година.

Бр. 08-5469/1
13 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Член 1

Во Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ број 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 311/20) во член 5 во ставот 4 зборовите: „Министерството за економија” се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд”, а зборовите: „Државниот завод за геодетски работи” се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за катастар на недвижности”.

Член 2

Во член 6-б во точката 1) сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 2) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и”.

По точката 2) се додава нова точка 3), која гласи:

„3) функцијата и надлежностите кои му се доверени со закон ги врши нестручно, пристрасно и несовесно.”.

Член 3

Во член 18-а по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Надоместок за користење на податоци од Регистарот на годишни сметки, Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица не се наплаќа и од новинар кој ќе достави

писмено барање до Централниот регистар за користење на податоци за истражувачки цели заверено од страна на главниот уредник на медиумот во кој е вработен новинарот.”.

Ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 4, 5 и 6.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“.